Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде придонес, оценка на откриените ризици и можности за подобрување на реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој кон остварување на целите на земјоделските политики а со тоа и на ефектите од инструментот субвенционирање во развојот на земјоделството и руралниот развој. Исто така Ревизијата на успешност има за цел да ги насочи надлежните субјекти кон понатамошното преземање на активности во областа предмет на ревизија. Од прелиминарните истражувања кои ги извршивме за потребите на ревизијата произлегоа повеќе подрачја кои покажаа претпоставени или докажани ризици и кои беа основа за вршење на ревизијата на успешност. Нашата ревизија ја насочивме кон откриените ризични подрачја како и кон прашања поврзани со областа. Во таа насока се фокусиравме на законска регулатива, како и стратешките документи неопходни за уредување на областа, подготовка и спроведување на Програмите за финансирање и поддршка на земјоделството и руралниот развој со цел подобрување на реализацијата која води кон остварување на подобри ефекти а со тоа и остварување на целите на националната земјоделска политика, надзор и контрола со сите слабости во законската регулатива и ризиците од недоволната кадровска екипираност на надлежните сектори во институциите, отсусто на мониторинг и презентирање на резултати чиј извор најчесто е ДЗС а помалку МЗШВ на РМ од инструментот субвенционирање како и други отворени прашања кои кои се покажаа значајни во текот на ревизијата. Одговорите на сите гореспоменати ревизорски прашања и утврдувањето на причините за утврдените ризици упатуваат на одговорот на целта: Дали со реализација на Програмите за финансирање на земјоделството и руралниот развој се остваруваат целите на националната земјоделска политика?
Со ревизијата опфатени се повеќе ризици кои се определени кај следните области:

1. **Законската регулатива, надлежности и стратешки документи од областа;**
2. **Подготовка и спроведување на Програмите за финансирање и поддршка на земјоделството и руралниот развој;**
3. **Надзор и контрола;**
4. **Мониторинг и презентирање на резултати од инструментот субвенционирање.**

Произлезените ризици од прелиминарните истражувања заради подобро следење ги организиравме и подредивме по неколку подрачја/области за ревизија и тоа:

- Не се врши ажурирање на стратешки документ - Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2007-2013;
- Отсуство на Национална програма за развој на земјоделството и руралниот развој;

- Програма за директни плаќања и ризик од некомплетни и неверодостојни податоци
- Ризик програмата да се носи без консултации и координација помеѓу надлежните сектори;
- Ризик од чести измени на програмата и ризик сите мерки од програмата да не се реализираат во целост;
- Ризик од планирање, чести измени, спроведување и следење на Програмата за рурален развој;
- ризик податоците кои треба да се преземат да бидат недостапни или некомплетни со што се доведува во прашање веродостојноста на податоците а со тоа и ефикасноста на системот;
- Недоволната кадровска екипираност на контролниот механизам;
- Неспроведување на надлежност од страна на МЗШВ на РМ за известување на Владата на РМ за постигнати резултати и др.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за примената на законската регулатива во областа, стратешко документи и програми за финансирање и поддршка на земјоделството и руралниот развој, начинот на кој се спроведува надзорот и контролата од страна на надлежните институции и условите, следење на реализација на целите на политиките како и програмите за финансиска поддршка и други отворени прашања за кои се искажани состојбите во поглавјата Основни податоци и Ревизорски наоди од овој извештај. Периодот кој го опфативме со нашата ревизија за прашања кои се однесуваа на ризичните подрачја како и други прашања поврзани со поставената цел на ревизијата на успешност е дефиниран 2009/2012 година. Согласно Меѓународните стандарди за ревизија *заради реално и објективно прикажување на* аргументите се дополнуваат со нова состојба (реализација на програмите заклучно со април 2013) добиени од АФПЗРР до изготвување на Конечниот извештај.
Ревизијата на успешност која ја спроведе ревизорска екипа од Државниот завод за ревизија е извршена активност, планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2012 година.

Исто така, ревизијата на успешност е вршена со цел објективно презентирање на состојбите кај активностите преземени од страна на сите релевантни институции за посочената област како и други аспекти од нивното работење. Со оваа ревизија на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија на успешност. Државниот завод за ревизија кај дел од надлежните институции во изминатите години и тековно вршел ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за кои се издадени соодветни извештаи. Избраната цел на ревизијата претставува предмет на интерес од повеќе аспекти и за повеќе целни групи.
Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.